# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

12 септември 2018 | Излегува по потреба | Година XIII | број 14



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 Q-017/2017
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

## ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), Општина Гази Баба - Скопје распишува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
за доставување на иницијативи за изработка
и донесување на урбанистички планови

Секое заинтересирано правно и физичко лице во тек на јавниот повик може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови од член 7 став 1 точка 2 алинеа 2, 3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18).

Иницијативите можат да се достават во електронска форма преку информациски систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план, со дефинирани граници на опфат согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18).**

**Изработката на урбанистичките планови може да биде финансирана од страна на подносителот на иницијативата.**

Јавниот повик ќе трае од 15.09.2018 година до 15.10.2018 година.

**Број 08-3959/1**
**од 07.09.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 а во врска со член 82 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 став (3) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/18 и 11/18), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## О Д Л У К А

## ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Со оваа одлука се распишуваат избори за членови на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

### Член 2

Изборите за членовите на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, ќе се одржат со тајно гласање на 23.09.2018 година во период од 17-20 часот.

### Член 3

Предлозите за кандидати за членови на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, ќе се примаат во деновите 15.09.2018 и 16.09.2018 година во период од 10-14 часот (сабота и недела).

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4046/1**
**од 12.09.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ЈАВЕН ПОВИК** за доставување на иницијативи за изработка и донесување на урбанистички планови ........... 3

**ОДЛУКА** за распишување на избори за членови на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на општина Гази Баба ........................................................ 4

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 14/18**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ